Република Македонија
**Министерство за здравство**

[redacted]

**ДО**

______________________________

Бр. 17-7800/7
23-09-2016 година
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија 14
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

**ПРЕДМЕТ: УКАЖУВАЊЕ**

Почитувани,

Министерството за здравство изврши анализа на добиените податоци за надминување на состојбата со големиот број на упатување на пациенти со дијагнозата N40 – Хиперплазија на простата од страна на матични лекари кон специјалисти при што утврдено е дека постојат непотребни административни чекори во целиот процес при дијагностицирање и третирање на оваа дијагноза.

Од страна на Министерството за здравство превземени се мерки за намалување на бројот на упатување на пациенти и олеснување на процесот на препишување на соодветен третман односно започнување и следење на лекувањето на пациентите со дијагнозата N40 Хиперплазија на простата.

Врз основа на погоре наведеното Министерството за здравство ги воведува следните мерки:

1. Упатувањето на пациентот од страна на матичен лекар кон уролог треба да биде со претходно завршен преглед на ултразвук и тест за PSA и
2. Закажувањето на контролниот преглед и издавањето на соодветен упат да биде од страна на самиот уролог после првиот преглед кај него;

За таа цел, согласно Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15 и 217/15, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016 година), Министерот за здравство даде согласност за измените на Правилникот за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, а во насока на донесување на мерки кои треба да се преземаат за намалување на бројот на упатување на пациенти и олеснување на процесот на препишување на соодветен третман односно започнување и следење на лекувањето на пациентите со дијагнозата **N40 Хиперплазија на простата**.

**Опис на мерките кои се воведуваат:**

1. **При прегледот кај уролог пациентите задолжително да имаат со себе извештај од ултразвук и PSA. За ова се превзема следното:**
   - Упатувањето за PSA го прават и матични лекари на образец ЛУ2 кој ќе го користат само за оваа услуга
   - Упатувањето за ултразвук го прават матичните лекари до установите кон апарат со категорија ЕХО на УГС и простата
   - Матичниот лекар издава упат кон уролог откако ќе бидат завршени PSA и прегледот со ултразвук
   - Сите установи каде се врши преглед ултразвук на урогенитален систем и простата се задолжуваат да креираат редовно термини за овој преглед во посебно назначен апарат во системот Мој Термин

- Се информираат матичните лекари во кои установи се врши испитувањето за PSA (анализа БА16/11) и прегледот на ултразвук
- Се известуваат установите каде што се врши испитувањето за PSA да го прават ова секој работен ден
- Се унифицира содржината на извештајот од прегледот на ултразвук, односно се известуваат сите лекари кои ја работат оваа дијагностика за неопходните елементи кои треба да ги содржи извештајот
- Упатувањето на УК за Урологија се овозможува за матични лекари, но задолжинелно пациентот да има завршени прегледи ултразвук и PSA

2. **Уролозите сами да ги закажуваат контролните прегледи:**

- После првиот преглед и потврдена дијагноза уролозите ги креираат/закажуваат контролните прегледи сами кај себе и им издаваат на пациентите соодветен упат
- Во случај кога се закажува контролен преглед, а специјалистот уролог смета дека е потребно за тој преглед пациентот да има извештај од нов преглед на ултразвук и PSA, доколку постои можност, самиот специјалист ги креира и упатите за ултразвук и PSA за следниот преглед. Во спротивно се наведува во извештајот дека за контролниот преглед пациентот треба да има со себе извештај од преглед на ултразвук и PSA

**ПРИЛОЗИ:**

1. Листа на Установи каде се врши преглед Ултразвук на урогенитален систем и простата
2. Листа на установи каде се врши испитување БА 16/11 – PSA
3. Извештај од преглед на ултразвук

**МИНИСТЕР,**
**Никола Тодоров**

Изготвил: Силвана Богатиновска
Жаклина Чагороска
Горан Кочински